**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 01.08.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:35 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека насловот на Точка 4 ќе се измени и ќе гласи: Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), го усвои следниот коригиран:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.07.2023 година.
2. Разгледување на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 април до 30 јуни 2023 година.
3. Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип.
4. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), го усвои предложениот Записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.07.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски го најави разгледувањето на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од први април до 30 јуни 2023 година и објасни дека Советот не гласа по нив, но може да дискутира и да даде свое мислење. Објасни дека според него Извештајот е стандардно добар, односно Агенцијата продолжува во континуитет да работи квалитетно и професионално.

Г-дин Ајдини рече како и до сега така и во овие Квартални извештаи се презентирани сите активности на Агенцијата кои ги има реализирано во претходните три месеци. Но, она што смета дека треба да се нагласи е учеството на Стручната служба на голем број состаноци, работилници, дебати и меѓународните активности. Со ова се докажува дека Агенцијата стручно и професионално си ја врши работата.

Г-дин Фиданоски рече дека има едно кратко прашање до службата во врска со прогресот на изработката на Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелна дејност 2024-2028 година.

Г-дин Трајчевски објасни дека некаде на крајот на месец јуни оваа година беше одржан состанок каде што беше презентирано што сè е реализирано и до која фаза на изработка се наоѓа овој стратешки документ, а во овој период се подготвува Нацртот за регулаторната стратегија за следниот 5 годишен период. Објасни дека по завршувањето на летните годишни одмори повторно ќе се одржат состаноци со присуство на сите заинтересирани страни, вклучувајќи го и Советот на Агенцијата, за да се изработи крајната верзија која треба да се усвои до декември оваа година.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип. Објасни дека на 12 јули 2023 година, ТВ Ирис до Агенцијата достави допис во кој што меѓу другото наведе дека поради тешката финансиска состојба во која што се наоѓа не е во можност да емитува телевизиска програма и извести дека ја враќа дозволата за телевизиско емитување. Веднаш потоа Агенцијата достави допис до телевизијата со кое го извести медиумот што сè е потребно да достави доколку престанува со емитување на телевизиска програма. Врз основа на овој допис, а постапувајќи по службена должност Секторот за информатичка поддршка и општи работи изврши проверка во системот за мониторирање на телевизиски и радио сервиси кој го има Агенцијата и при проверката беше утврдено дека ТВ Ирис нема емитувано програма подолго од 90 дена. Од оваа причина директорот на Агенцијата достави предлог за

покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување и Советот на Агенцијата на својата 24-та седница која беше одржана на 21 јули го усвои предлогот. Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата, Агенцијата испрати известување до ТВ Ирис и му укажа дека доколку веднаш не го усогласи работењето и не започне со емитување телевизиска програма, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола. Во меѓувреме, поточно на 31 јули, Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права достави известување за работењето на ТВ Ирис во кое што наведе дека Советот на Агенцијата на својата 15-та седница одржана на 18.05.2023 година, поради неисполнување на обврските од член 15 став 1 и 3 од Законот за медиуми на радиодифузерот му има изречено мерка јавна опомена и му има наложено во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерки да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. Решенијата за преземање мерки опомена беа уредно примени од страна на радиодифузерот, но и по истекот на рокот за усогласување кој што беше 21 јули ТВ Ирис го нема усогласено своето работење, што значи дека се исполнети условите за одземање на дозволата согласно ЗААВМУ. Секторот за информатичка поддршка и општи работи на 28 јули изврши контролен надзор, по службена должност и изготви Писмен извештај од административниот надзор при што беше констатирано дека ТВ Ирис го нема усогласено своето работење односно нема започнато со емитување на телевизиска програма. Од таа причина до Советот на Агенцијата се доставува предлог да се донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Ирис од Штип.

Г-дин Трајчевски дополни дека на крајот на јуни месец оваа година Агенцијата издаде фактура за годишниот надоместок за дозволата на ТВ Ирис кој треба да се плати во рок од 30 дена, но заради тешката финансиска состојба во која се наоѓаат, доставата на фактурата по поминати 45 дена Агенцијата не може да им ја достави, всушност и тие не ни можат да ја платат бидејќи во меѓувреме е отворена и стечајна постапка.

Г-дин Петрушевски, по образложението рече дека секако ќе беше одземена дозволата, посебно што и самиот радиодифузер во дописот навел дека сака да ја врати. За Советот рече дека ова преставува една непријатна должност, но согласно Законот мора така да постапи.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска) донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради прекршување на членот 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21), односно имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Секторот за правни работи и јавни набавки да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на

јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлог-решението за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар. Објасни дека Советот на Агенцијата на 23-та седница која беше одржана на 19 јули покрена постапка за одземање на дозволата на овој радиодифузер поради тоа што го немаше платено годишниот надоместок за дозволата во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата. Информира дека во текот на вчерашниот ден РА Балкан ФМ го изврши плаќањето во целост при што има и известување од Секторот за финансии и логистика за истото. Од таа причина се предлага до Советот да се запре покренатата постапка.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска) донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, бр.08-437 од 15.08.2016 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-2966/4

15.08 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**